**Согласно член 45 и 46 од Статутот на Тетекс АД Тетово, а врз основа на Одлуката за свикување на Собрание на акционери на Друштвото бр. 0202- 907/3 од 27.08.2020 год. Одборот на директори објавува**

**ЈАВЕН ПОВИК**
**За одржување на собрание на акционерите на**
**ТЕТЕКС АД ТЕТОВО**

**Собрание на акционерите на Тетекс АД Тетово ќе се одржи на ден 07.10.2020 год. (среда ) во салата на конфекција во Друштвото, во седиштето на Друштвото во Тетово на ул.Браќа Миладинови бр.1 со почеток во 12.00 часот.**

**Собранието на седницата ќе работи по следниот**
**Д н е в е н р е д**

**I Процедурален дел**

1.Отварање на Собранието
2.Избор на претседавач на Собранието
3.Избор на бројач на гласови
4.Избор на записничар и оверувачи на записник

**II Работен дел**

1.Донесување одлука за префрлање на средства од резерви од минати години во акумулирана добивка
- Предлог одлука
2.Донесување одлука за распределба на акумулирана добивка на Друштвото за исплата на дивиденда
- Предлог одлука
3.Донесување одлука за исплата на дивиденда и утврдување дивиденден календар
- Предлог одлука

Се повикуваат акционерите на Тетекс АД Тетово, односно нивните законски застапници да учествуваат во работата на Собранието.

Акционерите се должни своето учество да го пријават најдоцна пред почетокот на седницата на собранието, до Друштвото.

Секој акционер може да овласти полномошник со писмено полномошно за учество во Собранието, за што е должен да го извести Друштвото по писмен пат и електронски. Податоците за начинот на испраќање на известувањата за полномоштвата и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната страница на Друштвото www.teteks.com.mk

Акционерот може да користи и други видови обрасци за давање полномошно во писмена форма.

Акционерите можат да гласаат со кореспонденција, со испраќање пополнет образец кој во оригинал мора да биде примен во Друштвото најдоцна на 06.10.2020 година, до 14.00 часот. Обрасците за гласање со кореспонденција и дополнителни информации за начинот на пополнување се достапни на интернет-страницата на Друштвото www.teteks.com.mk.

Согласно Законот за трговски друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка, како и по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред.

Акционерите можат да достават предлози за вклучување на нови точки во дневниот ред предлози на одлуките и прашања најдоцна во рок 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик .

Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно статутот на Друштвото и Законот за трговски друштва .

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја точка од дневниот ред на седница на собрание на Друштвото.Одговорите на поставените прашања, Друштвото ќе ги објави на својата интернет страница согласно закон.

Гласањето во Собранието е јавно, а одлуките се донесуваат со потребно мнозинство гласови.

Увид во материјалите од дневниот ред може да се изврши секој работен ден од 12.00 до 13.00 часот во деловните простории на Друштвото и на официјалната страница на Друштвото www.teteks.com.mk

**ТЕТЕКС АД ТЕТОВО**
**Одбор на директори**